ССОУ „Коле Неделковски“
ул. „Андон Шурков“ 4а
1400 Велес
тел/факс: 389 43 235 086
централа: 389 43 231 446
e-mail: kolenedelkovski@yahoo.com
www.kolenedelkovski.edu.mk
facebook ssoukolenedelkovski

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО СТРУЧНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ
Бр. 03-592
14. 09. 2020 год.
ВЕЛЕС

# КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ПРИ СЛЕДЕЊЕ НА НАСТАВА ОД ДАЛЕЧИНА

**1.Основни норми и начела**

Целта на наставата со учење од далечина е да се задоволи правото на ученикот да се образува а при тоа да се води грижа за неговото здравје и благосостојба.

- Ученикот во ССОУ„Коле Неделковски“- Велес треба да има јасна слика за својата положба и улога во училиштето, да ги знае своите права и одговорност и да се прилагодува на новите барања.
- Училиштето преку воспитно образовната работа, која опфаќа настава и други облици на организирана работа со ученици, ќе им овозможи на учениците стекнување општи и применливи знаења, што се потребни во секојдневниот живот за хармоничен, интелектуален, емоционален и социјален развој на учениците соодветно со нивните способности

**2. Однесување на ученикот , за време на следење на наставата од далечина**

- Ученикот е должен да се вклучува, преку соодветно техничко средство и препорачана платформа на секој наставен час
- Навремено го информира класниот раководител за технички проблеми со интернет, опрема и слично
- Навремено ги исполнува и електронски ги испраќа сите задолженија дадени од наставникот
- Индивидуално работи на задачите,туѓите изработки не ги прикажува како свои и не се служи со електронска измама по основ на исполнување на задачите.
- Ученикот не смее јавно да го споделува ID кодот доделен од наставникот кон него лично, за влез на соодветна платформа за далечинско учење.
- Ученикот во време на далечинското учење не смее да слика, да снима делови или фрагменти од часот и да ги споделува електронски со други лица, со цел да се заштитат правата на наставникот и на останатите ученици кои ја следат наставата од далечина.

**3.Однесување на ученикот во електронски креираната училница**

- Се вклучува навреме според распоредот на часови и не се приклучува на други часови, освен со дозвола од наставникот.
- Со своето совесно и коректно однесување придонесува за дисциплината на часот
- Има слобода во изразувањето без притоа да ја повреди личноста на наставникот и на своите соученици

- Не вклучува и користи други уреди за време на часот (телевизор, радио, друг мобилен уред)
- Не конзумира храна и пијалоци за време на траење на часот
- Не го напушта часот без дозвола на наставникот
- Коректно и одговорно се однесува кон личноста на наставникот и своите соученици, не користи непристојни зборови, навреди, ниту користи други методи на терор, спроведен преку електронска комуникација.
- За време на часот ги почитува правилата поставени од наставникот.
- Ученикот внимава на својот изглед за време на наставата и е подготвен за пристојна, визуелна комуникација со наставникот.
- За време на часот учениците треба да имаат до себе учебници, тетратки и останат прибор кој ќе им биде потребен за непрекинато одвивање на наставата.

**4. Завршни одредби**

- Секој ученик се обврзува да го почитува и спроведува Кодексот на однесување на учениците.
- Непримерна онлајн комуникација и објавување на непримерни содржини ќе биде санкционирана со педагошки мерки предвидени за тоа .
- За непочитување на овој Кодекс на ученикот може да му се изречат педагошки мерки согласно Законот за средно образование, Статутот на училиштето и Правилникот за видовите и начинот на изрекување на педагошки мерки.

ВД Директор
Цветанка Ѓакова Панова